**Лабораторија за виртуелно инженерство и апликации**

Табела за преглед на инфраструктура/опрема

| | **Детали** |
|---|---|
| **Партнер** | Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола,<br>Факултет за информатички и комуникациски технологии |
| **Тип на опрема** | Лабораториска опрема за виртуелно инженерство |
| **Целна група** | Стартапи, индустриски компании, јавна администрација и истражувачи |
| **Клучна технологија** | Виртуелна реалност |
| **Статус** | Достапно за користење |
| **Предуслови за користење** | Релевантен проект или потреба, основни технички познавања |

---

**Опис на инфраструктурата/ опремата**

Опремата за виртуелна, проширена и мешана реалност и за развој на апликации има значајно влијание врз начините на кои студентите го совладуваат предметниот материјал, како и во научно-истражувачката работа.

Со таа цел, за да се обезбедат техничко-технолошки предуслови за осовременување на високообразовната и научно-истражувачката дејност на Факултетот за информациски и комуникациски технологии – Битола со примена на хардверски и софтверски алатки за виртуелна, проширена и мешана реалност, се формира лабораторија за виртуелно инженерство и апликации.

Лабораторијата за виртуелно инженерство и апликации дејствува во областа на примената на  опремата за виртуелна реалност и апликации и во повеќе области.

Лабораторијата за виртуелно инженерство и апликации го координира планирањето, проектирањето и одржувањето на опремата поврзана со областа на компјутерската графика, имерзивните технологии, математичкото моделирање и симулации, 3Д моделирањето, развојот на апликации и креирање на мултимедиски содржини. Основа на функционирање на лабораторијата е опремата за виртуелна реалност набавена од страна на Ректоратот во рамките на проектот SOLVE финансиран од Европската Унија.

Лабораторија за виртуелно инженерство и апликации која располага со следната опрема 3m Standard Projection Dome Fulldome и седум лаптопи Legion Slim 5 16APH8. Сите предавални за одржување на наставата во факултетот се опремени со проектори. Друга опрема со која располага факултетот современо озвучен амфитеатар, печатачи, копири, лаптоп компјутери, современа мрежна инфраструктура која го покрива комплетниот објект со жичен и безжичен интернет.

